Република Македонија
бр. ____________________
__________ Скопје

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Име на материјалот: Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за проектот „Модернизација на блок 2 и блок 3 во ТЕ Битола", кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ, по скратена постапка

Усогласеност со Програмата на Владата: Во согласност со Програмата на Владата на Република Македонија

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата: ДА

Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:
На првата наредна седница на Владата

Доверливост на материјалот: НЕ

Итност на материјалот: ДА

Прилог:
- Образец за фискални импликации
- Образец за проценка на влијание на регулативата
- Договор за гаранција (на македонски и англиски јазик)
- Договор за заем (на македонски и англиски јазик)

| Дата на доставување на материјалот:<br><br>Скопје,_____.07.2012 година | **ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА И МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ**<br>**м-р Зоран Ставрески**<br><br>___________________________ |
|---|---|

Изработил: Драгана Гошевска
Контролирал: м-р Андрија Алексоски
Согласен: Дејан Николовски
Одобрил: Сузана Пенева
Наташа Стојмановска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# М Е М О Р А Н Д У М

Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за проектот „Модернизација на блок 2 и блок 3 во ТЕ Битола“, кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ, по скратена постапка

______________________________

м-р Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада на Република Македонија и министер за финансии

Скопје, јули 2012 година

Изработил: Драгана Гошевска
Контролирал: м-р Андрија Алексоски
Согласен: Дејан Николовски
Одобрил: Сузана Пенева
Наташа Стојмановска

ПРЕТСТАВНИЦИ:
м-р Зоран Ставрески, Заменик претседател на Влада и министер за финансии
г-дин Недим Рамизи, заменик министер за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ:
Наташа Стојмановска, државен секретар, Министерство за финансии
Сузана Пенева, државен советник, Министерство за финансии
Дејан Николовски, раководител на сектор, Министерство за финансии

Предлог на Закон
за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за проектот „Модернизација на блок 2 и блок 3 во ТЕ Битола“, кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ, по скратена постапка

Скопје, ______ 2012

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
бр. _________
од _________
Скопје

До Претседателот на Собранието
на Република Македонија

Врз основа на член 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за проектот „Модернизација на блок 2 и блок 3 во ТЕ Битола“, кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ, по скратена постапка што го утврди на седница ______________________________________.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени, м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии и Недим Рамизи, заменик министер за финансии, а за повереник Наташа Стојмановска, државен секретар во Министерството за финансии, Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии и Дејан Николовски, раководител на сектор во Министерство за финансии.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
м-р Никола Груевски

___________________________________

ВОВЕД:

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Термо Електраната Битола е лоцирана 8 километри источно од градот Битола и околу 15 километри северно од грчката граница. Вкупниот инсталиран капацитет изнесува 675 MWel и електраната е главниот енергетски извор на земјата. Околу 70% од вкупната произведена електрична енергија во земјата се произведува во ТЕ Битола.

Електраната е во функција скоро 30 години. Трите блока во ТЕ Битола почнаа со работа последователно во 1982, 1984 и 1988. Секој блок има моќност од 225 MWel и користи околу 2 милиони тони јаглен годишно. И електраната и рудниците се сопственост на АД ЕЛЕМ. Бидејќи секој блок во ТЕ Битола е проектиран да работи 200.000 часа, а состојбата на 30.09.2011 година за предадена електрична енергија на мрежа изнесува: 207.162 часа за прв блок, 196.392 часа за втор блок и 168.343 часа за трет блок, неопходна е итна ревитализација за продолжување на работниот век на ТЕ Битола.

Електраната не е усогласена со постоечките ограничувања на емисијата на стакленички гасови во Европа согласно ЕУ директивата 2001/80 за ЛЦП. Нивото на NOx е блиску до актуелните европски ограничувања, но секако е над барањата кои ќе важат после 2016 година т.е постојат ограничувања за вакви инсталации. Согласно ЕУ директивите, доколку нивото на стакленичките гасови не се намали под дозволените граници, објектот ќе мора да се затвори после 31.12.2016 година.

Проектот Ревитализација и Модернизација на ТЕ Битола опфаќа три фази на реализација и тоа:

- Модернизација на турбини, генератори и автоматизација во ТЕ Битола;
- Ревитализација и модернизација на ТЕ Битола со намалување на NOx и модернизација на ладилните кули и
- Ревитализација на ТЕ Битола за намалување на SOx и прашина

Во моментот, во тек е модернизацијата на турбините, генераторите и автоматизација на ТЕ Битола, која се финансира со заем од Стопанска банка. Оваа фаза се реализира во текот на три години во периодот од 2010 до 2012 година, секоја година по еден дел. Со реализација на оваа фаза ќе се зголеми капацитетот на ТЕ Битола за 8,32 MW по блок. Проектот се очекува да заврши до крајот на 2012 година.

Втората фаза за ревитализација и модернизација на ТЕ Битола за намалување на емисиите на NOx ќе се финансира со заем од Дојче банка, додека модернизацијата на кулите за ладење АД ЕЛЕМ ќе ја финансира со сопствени средства во периодот 2012 – 2014 година. Зафатите кои треба да се реализираат за да се намали емисијата на NOx се изведуваат во самиот котел, а дел од нив се преклопуваат со зафатите кои се потребни за продолжување на животниот век и зголемување на ефикасноста на постројката. Заради тоа изведбата на модернизација на котлите без при тоа да се изведат и дополнителните работи за намалување на NOx е технички и економски неоправдана.

Очекуваните резултати по реализација на втората фаза се:

- Продолжување на животниот циклус на котлите за дополнителни 120.000 часа;
- Пораст на стапката на ефикасност на котлите и
- Намалување на емисиите на NOx.

Покрај наведените резултати, позитивен ефект од проектот е и спречување на поголем увоз на електрична енергија, со што на подолг рок се обезбедува стабилност на националниот електроенергетски систем и усогласување со ЕУ директивите за ваков тип на постројки. Со ревитализацијата и модернизацијата на котлите и нивните придружни системи се обезбедува висока вредност на коефициентите на корисно дејство на подолг рок и се зголемува сигурноста на погонот.

Потребните средства за модернизација на трите котли (блок 1, 2 и 3) во ТЕ Битола изнесуваат 88.500.000 евра. Предвидено е ревитализацијата на истите да се одвива во две фази, со тоа што прво ќе бидат опфатени блок 2 и блок 3, а понатаму и блок 1.

Потребните средствата предвидени за реализацијата на проектот „Модернизација на блок 2 и блок 3 во ТЕ Битола" изнесуваат 52.096.491,70 евра.

85% од вкупната вредност на инвестицијата, односно 44.282.018 евра, ќе бидат обезбедени со заем од Дојче банка. Заемот од Дојче банка е поделен на два дела соодветно на двата блока кои треба да се ревитализираат, односно 22.364.362 евра за блок 3 и 21.917.656 евра за блок 2. Преостанатите 15% од вкупната вредност на инвестицијата ќе ги обезбеди АД ЕЛЕМ од сопствени средства.

За реализација на проектот треба да се плати и ХЕРМЕС премија за осигурување на извоз во износ од 2.500.000 евра за делот од заемот за блок 3 и 2.450.000 евра за делот од заемот за блок 2. Премијата целосно ќе биде обезбедена од заемот од Дојче банка.

Согласно горенаведеното, вкупниот износ на заемот од Дојче банка ќе биде 49.232.018 евра. Заемопримач ќе биде АД ЕЛЕМ, додека Република Македонија ќе издаде државна гаранција.

На 22-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 25.10.2011 година, Владата даде согласност за поведување на постапка за добивање на заем за проектот „Модернизација и ревитализација на ТЕ Битола". По добивање на понудите за финансирање на проектот, како најповолен понудувач избрана е Дојче банка и беа започнати преговорите за условите за доделување на заем за проектот.

Во месец мај, 2010 година АД ЕЛЕМ објави тендер за избор на изведувач за реализација на проектот за модернизација на котлите во ТЕ Битола и намалување на NOx емисиите. По разгледување на доставените понуди за најповолен изведувач избрана е германската фирма Babcock Borsig Steinmuller GmbH. Последователно, на 16 декември 2011 година АД ЕЛЕМ потпиша Договор со компанијата Babcock Borsig Steinmuller GmbH од СР Германија за реализација на проектот.

Со овој заем од Дојче банка ќе се финансира модернизацијата на блок 2 и блок 3 од ТЕ Битола. АД ЕЛЕМ ќе обезбеди 15% од потребните средства за реализација на инвестицијата.

Преговорите со Дојче банка за обезбедување на потребните средства за реализацијата на проектот „Модернизација на блок 2 и блок 3 во ТЕ Битола“, завршија на 11.07.2012 година.

По усвојување на Законот за гаранција од страна на Собранието на Република Македонија и неговото објавување во Службен Весник на Република Македонија, предвидено е склучување на:

- Договор за гаранција помеѓу Република Македонија, претставувана од Министерството за финансии и Дојче банка, и
- Договор за заем помеѓу АД ЕЛЕМ и Дојче банка.

Наведените договори се во прилог на овој материјал.

Согласно став 3, член 22 од Законот за јавен долг (Службен весник на РМ бр. 62/05, 88/08 и 35/11), во име на Република Македонија, министерот за финансии потпишува договор за издавање на гаранција кон странски заемодавач, како и договор за обезбедување на државна гаранција со субјектот во чие име е издадена, по претходно донесен закон за гаранција.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:

Причината за приоритетноста на овој проект, произлегува од потребата за ревитализација на ТЕ Битола, која е главниот енергетски извор на земјата. Со ревитализација и модернизација на електраната ќе се намали емисијата на NOx, ќе се продолжи работниот век и ќе се зголеми ефикасноста на постројката. Покрај наведените резултати, позитивен ефект од проектот е и спречување на поголем увоз на електрична енергија, со што на подолг рок се обезбедува стабилност на националниот електроенергетски систем и усогласување со ЕУ директивите за ваков тип на постројки.

Основно начело врз основа на кое се заснова овој предлог на Закон е обезбедување на финансиски средства за да се овозможи реализација на проектот „Модернизација на блок 2 и блок 3 во ТЕ Битола“.

Оттука, Република Македонија, претставувана од Министерството за финансии и Дојче банка ќе склучат Договор за гаранција на АД ЕЛЕМ по проектот„Модернизација на блок 2 и блок 3 во ТЕ Битола“, додека Дојче банка и АД ЕЛЕМ, ќе склучат Договор за заем по истоимениот проект, во износ од 49.232.018 евра.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Потребните средствата предвидени за реализацијата на проектот „Модернизација на блок 2 и блок 3 во ТЕ Битола“ изнесуваат 52.096.491,70 евра.

85% од вкупната вредност на инвестицијата, односно 44.282.018 евра, ќе бидат обезбедени со заем од Дојче банка. Заемот од Дојче банка е поделен на два дела соодветно на двата блока кои треба да се ревитализираат, односно 22.364.362 евра за блок 3 и 21.917.656 евра за блок 2. Преостанатите 15% од вкупната вредност на инвестицијата ќе ги обезбеди АД ЕЛЕМ од сопствени средства.

За реализација на проектот треба да се плати и ХЕРМЕС премија за осигурување на извоз во износ од 2.500.000 евра за делот од заемот за блок 3 и 2.450.000 евра за делот од заемот за блок 2. Премијата целосно ќе биде обезбедена од заемот од Дојче банка.

Согласно горенаведеното, вкупниот износ на заемот од Дојче банка ќе биде 49.232.018 евра. Заемопримач ќе биде АД ЕЛЕМ, додека Република Македонија ќе издаде државна гаранција.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел 3 на овој Предлог закон и во Образецот за фискални импликации даден во прилог на овој материјал.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОЕКТОТ „МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ДЕЛ 2 И 3 ОД КОТЛИТЕ ВО ТЕ БИТОЛА“, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ДОЈЧЕ БАНКА И АД ЕЛЕМ

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, односно не е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за проектот „Модернизација на блок 2 и блок 3 во ТЕ Битола“, кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ, да се донесе по скратена постапка.

Предлог на Закон
за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за проектот „Модернизација на блок 2 и блок 3 во ТЕ Битола“,
кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ

Член 1

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем за проектот „Модернизација на блок 2 и блок 3 во ТЕ Битола“ кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ во износ од 49.232.018 ЕВРА, доколку АД ЕЛЕМ не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од оваа гаранција Република Македонија и Дојче банка ќе склучат Договор за гаранција. Министерот за финансии во име на Република Македонија ќе го потпише Договорот за гаранција.

Заемот од став 1 од овој член е поделен на два дела во износи од по 24.864.362 ЕВРА и 24.367.656 ЕВРА.

Износот 24.367.656 ЕВРА од став 3 од овој член е наменет за модернизација на блок 2 од ТЕ Битола.

Износот 24.864.362 ЕВРА од став 3 од овој член е наменет за модернизација на блок 3 од ТЕ Битола.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ за проектот „Модернизација на блок 2 и блок 3 во ТЕ Битола“.

Член 3

Сите обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од член 1 на овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе го врши АД ЕЛЕМ од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

Член 4

Заемот од Договорот од став 1 од член 1 на овој закон ќе се отплаќа во 24 еднакви полугодишни рати. Отплатата треба да започне 6 месеци по датумот на подготвеност за работа на модернизиран блок. Првата отплата на делот од заемот за блок 3 треба да започне најдоцна на 20 јуни 2013 година. Првата отплата на делот од заемот за блок 2 треба да започне најдоцна на 20 јуни 2014 година.

Каматната стапка е варијабилна каматна стапка, која претставува збир од шестмесечен ЕУРИБОР плус маргина од 1,675% годишно.

Член 5

Во рок од 30 дена од датумот на склучување на Договорот за заем од член 1, на средствата од заемот ќе се плати еднократна провизија на Дојче банка во износ од 0,625% од износот на заемот.

Во рок од 30 дена од датумот на склучување на Договорот за заем од член 1 и на истиот датум секоја наредна година, на средствата од заемот на годишно ниво ќе се плаќа провизија за агент на Дојче банка во износ од 9.500 ЕВРА, се додека заемот не се отплати во целост.

На износот на неповлечените средства од заемот од член 1 на годишно ниво ќе се плаќа провизија на Дојче банка во износ од 0,625% од износот на заемот.

Провизијата од став 3 од овој член ќе се плаќа квартално од датумот на склучување на Договорот за заем.

На обврските поврзани со отплатата на заемот од член 1 од овој закон кои нема да се платат во предвидените рокови ќе се плаќа казнена камата во висина на каматната стапка зголемена за 2% годишно.

На останатите обврски поврзани со заемот од член 1 од овој закон кои нема да се платат во предвидените рокови ќе се плаќа надоместок на штета во висина на каматната стапка зголемена за 2% годишно.

Член 6

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и АД ЕЛЕМ ќе склучат посебен договор.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ:

Потребните средствата предвидени за реализација на проектот „Модернизација на блок 2 и блок 3 во ТЕ Битола“ изнесуваат 52.096.491,70 евра.

85% од вкупната вредност на инвестицијата, односно 44.282.018 евра, ќе бидат обезбедени со заем од Дојче банка. Заемот од Дојче банка е поделен на два дела соодветно на двата блока кои треба да се ревитализираат, односно 22.364.362 евра за блок 3 и 21.917.656 евра за блок 2. Преостанатите 15% од вкупната вредност на инвестицијата ќе ги обезбеди АД ЕЛЕМ од сопствени средства.

За реализација на проектот треба да се плати и ХЕРМЕС премија за осигурување на извоз во износ од 2.500.000 евра за делот од заемот за блок 3 и 2.450.000 евра за делот од заемот за блок 2. Премијата целосно ќе биде обезбедена од заемот од Дојче банка.

Согласно горенаведеното, вкупниот износ на заемот од Дојче банка ќе биде 49.232.018 евра. Заемопримач ќе биде АД ЕЛЕМ, додека Република Македонија ќе издаде државна гаранција.

За таа цел, ќе се склучат следните договори:

- Договор за гаранција, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и Дојче банка,
- Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу АД ЕЛЕМ и Дојче банка и
- Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и АД ЕЛЕМ.

Со цел склучување на наведените договори потребно е да се донесе Закон за издавање на државна гаранција согласно постапката за издавање на државна гаранција утврдена во Законот за јавен долг долг ("Службен весник на РМ бр. 62/05, 88/08 и 35/11).

Со овој Закон, Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем, кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ по проектот „Модернизација на блок 2 и блок 3 во ТЕ Битола“ во износ од 49.232.018 евра, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем.

Сервисирањето на заемот ќе го врши АД ЕЛЕМ од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

Заемот од Дојче банка е поделен на два дела соодветно на двата блока кои треба да се модернизираат, односно 22.364.362 евра за блок 3 и 21.917.656 евра за блок 2. За реализација на проектот треба да се плати и ХЕРМЕС премија за осигурување на извоз во износ од 2.500.000 евра за делот од заемот за блок 3 и 2.450.000 евра за делот од заемот за блок 2 и истите целосно ќе бидат обезбедени од заемот од Дојче банка.

Заемот од Дојче банка ќе се отплаќа во 24 еднакви полугодишни рати. Отплата треба да започне 6 месеци по датумот на подготвеност за работа на модернизиран блок. Првата отплата на делот од заемот за блок 3 треба да започне најдоцна на 20 јуни 2013 година.

Првата отплата на делот од заемот за блок 2 треба да започне најдоцна на 20 јуни 2014 година.

Подмирувањето на обврските за отплата на заемот ќе се врши согласно планот за отплата кој ќе биде доставен од страна на Дојче банка.

Каматната стапка е варијабилна каматна стапка, која претставува збир од шестмесечен ЕУРИБОР плус маргина од 1,675% годишно.

На барање на АД ЕЛЕМ може да се направи конверзија на каматната стапка во фиксна каматна стапка според рокови и услови предвидени во Договорот за заем.

Во рок од 30 дена од датумот на склучување на Договорот за заем, но во секој случај пред првото повлекување на средства од заемот, ќе се плати еднократна провизија на Дојче банка во износ од 0,625% од износот на заемот.

Во рок од 30 дена од датумот на склучување на Договорот за заем од член 1 и на истиот датум секоја наредна година, на средствата од заемот на годишно ниво ќе се плаќа провизија за агент на Дојче банка во износ од 9.500 ЕВРА, се додека заемот не се отплати во целост.

На износот на неповлечените средства од заемот на годишно ниво ќе се плаќа провизија на Дојче банка во износ од 0,625% од износот на заемот. АД ЕЛЕМ провизијата за неповлечени средства ќе ја плаќа квартално од датумот на склучување на Договорот за заем.

На обврските поврзани со отплатата на заемот од овој закон кои нема да се платат во предвидените рокови, ќе се плаќа казнена камата во висина на каматната стапка, зголемена за 2% годишно.

На останатите обврските поврзани со заемот од овој закон кои нема да се платат во предвидените рокови, ќе се плаќа надоместок на штета во висина на каматната стапка, зголемена за 2% годишно.

Поради итноста на потребата за склучување на Договорот за заем со цел обезбедување на средства и отпочнувањето на проектот „Модернизација на блок 2 и блок 3 во ТЕ Битола“, овој закон треба да влезе во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Договорот за заем.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Со ревитализација и модернизација на ТЕ Битола ќе се намали емисијата на NOx, ќе се продолжи работниот век и ќе се зголеми ефикасноста на електраната. Покрај наведените резултати, позитивен ефект од проектот е и спречување на поголем увоз на електрична енергија, со што на подолг рок се обезбедува стабилност на националниот електроенергетски систем и усогласување со ЕУ директивите за ваков тип на постројки.

Потребните средствата предвидени за реализацијата на проектот „Модернизација на блок 2 и блок 3 во ТЕ Битола“ изнесуваат 52.096.491,70 евра.

85% од вкупната вредност на инвестицијата, односно 44.282.018 евра, ќе бидат обезбедени со заем од Дојче банка. Заемот од Дојче банка е поделен на два дела соодветно на двата блока кои треба да се ревитализираат, односно 22.364.362 евра за блок 3 и 21.917.656 евра за блок 2. Преостанатите 15% од вкупната вредност на инвестицијата ќе ги обезбеди АД ЕЛЕМ од сопствени средства.

За реализација на проектот треба да се плати и ХЕРМЕС премија за осигурување на извоз во износ од 2.500.000 евра за делот од заемот за блок 3 и 2.450.000 евра за делот од заемот за блок 2. Премијата целосно ќе биде обезбедена од заемот од Дојче банка.

Согласно горенаведеното, вкупниот износ на заемот од Дојче банка ќе биде 49.232.018 евра. Заемопримач ќе биде АД ЕЛЕМ, додека Република Македонија ќе издаде државна гаранција.

Со овој Закон, Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем, кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ по проектот проектот „Модернизација на блок 2 и блок 3 во ТЕ Битола“ во износ од 49.232.018 евра, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем.

Сервисирањето на заемот ќе го врши АД ЕЛЕМ од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

За регулирање на меѓусебните права и обврски, кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција, Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и АД ЕЛЕМ ќе склучат посебен договор.

ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКАТА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| 1. Назив на предлогот:<br>Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за проектот „Модернизација на блок 2 и блок 3 во ТЕ Битола", кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ, по скратена постапка | 2. Министерство / орган на државна управа :<br>Министерство за финансии |
| 3. Цел на предлогот:<br>Обезбедување на средства за финансирање на проектот „Модернизација на дел 2 и 3 од котлите во ТЕ Битола" | 4. Вид на предлог:<br>Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за проектот „Модернизација на блок 2 и блок 3 во ТЕ Битола", кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ, по скратена постапка |
| 5. Контакт лице и звање:<br>г-ѓа Сузана Пенева, државен советник | 6. Контакт тел./ факс или е-пошта:<br>тел: 3106 454<br>suzana.stoimceva@finance.gov.mk |

7. Активност:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. Вид на барање: | ( ) Регулатива во врска со ЕУ<br>( ) Друга нова регулатива | ( **X** ) Нова програма<br>( ) Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br>( ) Спојување на две или повеќе програми |

9. Цел на барањето / предложената активност:
Со донесувањето на Законот за гаранција, може да се пристапи кон склучување на Договорот за заем, меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ со што се обезбедуваат потребните средства во износ од 49.232.018 евра за реализација на проектот „Модернизација на блок 2 и блок 3 во ТЕ Битола".

10. Врска со владината програма
Предлогот на закон е во согласност со Програмата на Владата на Република Македонија.

| 11. Фискални импликации: | (во илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
| •А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| •Б. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| •В. Промена (разлика) од одобрените средства (А–Б)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| •Г. Расположиви средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| •Д. Нето имликации на средствата на органот (В–Г)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ѓ. Зголемување / намалување на приходите | 0 | 0 | 0 | 0 |
| •Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор: | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 12. Нето зголемување / намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Е) | Дојче банка одобрувањето на заемот во износ од 49.232.018 евра го условува со давање на гаранција од страна на Република Македонија. Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем, кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ по проектот „Модернизација на блок 2 и блок 3 во ТЕ Битола“ во износ од 49.232.018 ЕВРА, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем, доколку АД ЕЛЕМ не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем. | | | |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение | | | | |

| | |
|---|---|
| 15. Дата на завршување на проценката | |
| 16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | |
| 18.Измени побарани од Министерството за финансии: | |
| 19.Одговор на министерството-предлагач: | |
| 20.Одговор од Министерството за финансии: | |
| 21.Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 22. Одобрено/Дата:<br><br>____________________________<br>Потпис на државен секретар или директор на орган | ____________/2012<br>Ден / месец / год. | ____________________________<br>Потпис на Заменик претседател на Влада и министер за финансии | ____________/2012<br>Ден / месец / год. |

Изработил: Драгана Гошевска
Контролирал: м-р Андрија Алексоски
Согласен: Дејан Николовски
Одобрил: Сузана Пенева